# Службен гласник

## на Општина Струмица

| Број 8 | среда, 13 август 2025 год. |
|---|---|

www.strumica.gov.mk

**С о д р ж и н а**

### Градоначалник на Општина Струмица:

**Рег.бр.** **Стр.**

**206.Одлука** за избор на директор на ЈПЗБК „Стационар – Лана“ Струмица....................................**2**
**207.Решение** за разрешување на вршител на должноста директор на ЈОУДГ „Детска радост“ – Струмица.............................................................................................................................**2**
**208. Решение** за именување на вршител на должноста директор на ЈОУДГ „Детска радост“ – Струмица.............................................................................................................................**3**
**209.Решение** за запирање на објавувањето на Одлуката за измена и дополнување на Буџетот на општина Струмица за 2025 година .........................................................................................**3**
**210.Решение** за запирање на објавувањето на Програмата за измена и дополнување на Програмата за уредување на градежното земјиште на подрачјето на Општина Струмица за 2025 година .............................................................................................................................**4**
**211. Решение** за запирање на објавувањето на Одлуката за издавање на гаранција за задолжување на ЈПЕД „Струмица – Гас“ Струмица ........................................................................**4**
**212. Решение** за објавување на прописите и другите акти донесени на 54-та седница на Советот на општина Струмица ......................................................................................................**5**

### Совет на Општина Струмица:

**Рег.бр** **Стр.**

**213.Одлука** за утврдување потреба од донесување на урбанистичко планска документација за проширување на плански опфат на Кпбр. 183/1 во КО Раборци…………………………………..........**6**
**214.Одлука** за утврдување потреба од донесување на урбанистичко планска документација за проширување на плански опфат за КП бр.27/1 КО Три Води …….........**6**
**215. Одлука** за утврдување на Урбанистички проект со план за парцелација на ГП4.18, ГП4.19, ГП4.20,и ГП4.21, од ДУП за Блок 19, Општина Струмица.......................................**6**

**Рег.бр** **Стр.**

**216.Програма** за дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјето на Општина Струмица за 2025 година............................................... **7**
**217.Заклучок** за давање согласност на Одлуката за задолжување на ЈПЕД „Струмица - Гас“ Струмица ………….......... **8**
**218.Заклучок** за давање согласност на Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во ЈОУДГ „Виножито“ Струмица...................................................... **8**

**219.Заклучок** за давање согласност на Годишниот план за вработување на ЈОУДГ „Виножито“ Струмица за 2026 година...........**8**
**220.Заклучок** за давање согласност на Годишниот план за вработување на ЈОУДГ „Детска Радост“ Струмица за 2026 година............................................................**8**
**221.Заклучок** за давање согласност на Измена и дополнување на Годишен план за вработување на ООУ „Сандо Масев“ Струмица за 2026 година..............................**9**

..........................................................................................................

**206.**

Врз основа на член 19-а став 4, член 23 и член 24 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија” бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 89/22, 274/22 и 208/24) и член 39 став 1 алинеја 9 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Градоначалникот на општина Струмица, донесе

**О Д Л У К А**
за избор на директор на ЈПЗБК „Стационар – Лана“ Струмица

Член 1
За директор на ЈПЗБК „Стационар – Лана“ Струмица се избира Сузана Стојкова, дипломиран доктор по ветеринарна медицина од Струмица, сметано од 29.07.2025 година.

Член 2
Директорот се избира со мандат од 4 (четири) години.

Член 3
За уредување на односите со Јавното претпријатие, ќе биде склучен договор помеѓу Градоначалникот на општина Струмица и директорот на Јавното претпријатие, со кој ќе бидат утврдени правата, одговорностите и овластувањата согласно Закон.

Член 4
Оваа Одлука влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Струмица“.

Бр.09-4938/6 Општина Струмица
29.07.2025 год. Градоначалник
С т р у м и ц а Костадин Костадинов

...................................

**207.**

Врз основа на член 126 од Законот за заштита на децата Службен весник на Република Македонија” бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22, 236/22, 17/25 и 132/25), член 50 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 39 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на Општина Струмица” бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15 и 8/18, 16/19 и 29/19), Градоначалникот на општина Струмица донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за разрешување на вршител на должноста директор на ЈОУДГ „Детска радост“ – Струмица**

1.Од функцијата вршител на должноста директор на ЈОУДГ „Детска радост“ – Струмица се разрешува Фроска Хаџи - Тосева, Дипломиран Професор по предучилишно воспитување, заклучно до 09.08.2025 година, поради истек на мандат.

2. Ова Решение влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Струмица“.

***О б р а з л о ж е н и е***

Согласно член 126 од Законот за заштита на децата Службен весник на Република Македонија” бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22, 236/22, 17/25 и 132/25), член 50 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 39 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на Општина Струмица” бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15 и 8/18, 16/19 и 29/19), поради истек на мандат, Градоначалникот на општина Струмица го разрешува директорот на ЈОУДГ „Детска радост“ – Струмица, Фроска Хаџи - Тосева, Дипломиран Професор по предучилишно

воспитување. Согласно тоа, Градоначалникот одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

Бр.09-5798/1 Општина Струмица
08.08.2025 год. Градоначалник
С т р у м и ц а Костадин Костадинов

………………………………

**208.**

Врз основа на член 109 став 3 и член 126 од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија" бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22, 236/22, 17/25 и 132/25), член 50 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.202/24) и член 39 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на Општина Струмица" бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15 и 8/18, 16/19 и 29/19), Градоначалникот на општина Струмица донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за именување вршител на должност директор на ЈОУДГ „Детска радост" – Струмица**

1. За вршител на должноста директор на ЈОУДГ „Детска радост" – Струмица се именува Фроска Хаџи - Тосева, Дипломиран Професор по предучилишно воспитување, сметано од 10.08.2025 година, а најдолго шест месеци од денот на именувањето.

2. Ова Решение влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Струмица".

***О б р а з л о ж е н и е***

Согласно член 126 од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија" бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22, 236/22, 17/25 и 132/25), член 50 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.202/24) и член 39 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на Општина Струмица" бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15 и 8/18, 16/19 и 29/19), Градоначалникот на општина Струмица ја именува Фроска Хаџи - Тосева, Дипломиран Професор по предучилишно воспитување за вршител на должноста директор на ЈОУДГ „Детска радост" – Струмица, а најдолго шест месеци од денот на именувањето. Согласно тоа, Градоначалникот одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Бр.09-5798/2 Општина Струмица
08.08.2025 год. Градоначалник
С т р у м и ц а Костадин Костадинов

………………………………

**209.**

Врз основа на член 51 став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.202/24) и член 59 став 1 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица („Службен гласник на Општина Струмица" бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, /18, 16/19 и 29/19), Градоначалникот на општина Струмица донесе

**Р е ш е н и е**
**за запирање на објавувањето на Одлуката за измена и дополнување на Буџетот на општина Струмица за 2025 година**

1.Се запира објавувањето на Одлуката за измена и дополнување на Буџетот на општина Струмица за 2025 година бр. 08-5748/1 од 07.08.2025 година, донесено на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 07.08.2025 година, поради фактот што истата е донесена со дополнителни измени за кои нема основ и согласност од моја страна, како Градоначалник, почитувајќи ги основните принципи на фискапна транспарентност.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување а ќе се објави во „Службен гласник на општина Струмица".

*О б р а з л о ж е н и е*

На ден 07.08.2025 година Советот на општина Струмица донесе Одлука за измена и дополнување на Буџетот на општина Струмица за 2025 година бр. 08-5748/1 од 07.08.2025 година.

При донесувањето на оваа Одлука, Советот на Општина Струмица донесе верзија која не е идентична со првичната, како предлог од Градоначалникот, а е врз основа на реалните потреби на граѓаните и обврските на општината.

Оттука, водејќи сметка за јавниот интерес и доброто функционирање на општината, се запира објавувањето на

Одлуката за измена и дополнување на Буџетот на општина Струмица бр 08-5748/1 од 07.08.2025 година.

Согласно сето погоре наведено, Градоначалникот на општина Струмица одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

Бр.09-5748/2 Општина Струмица
07.08.2025 год. Градоначалник
С т р у м и ц а Костадин Костадинов

..................................

**210.**

Врз основа на член 51 став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 59 став 1 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица („Службен гласник на Општина Струмица” бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, /18, 16/19 и 29/19), Градоначалникот на општина Струмица донесе

**Р е ш е н и е**
**за запирање на објавувањето на Програмата за измена и дополнување на Програмата за уредување на градежното земјиште на подрачјето на Општина Струмица за 2025 година**

1.Се запира објавувањето на Програмата за измена и дополнување на Програмата за уредување на градежното земјиште на подрачјето на Општина Струмица за 2025 година бр. 08-5753/1 од 07.08.2025 година, донесена на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 07.08.2025 година, поради фактот што истата произлегува од Одлуката за измена и дополнување на Буџетот на општина Струмица за 2025 година бр. 08-5748/1 од 07.08.2025 година, а која нема да биде објавена.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување а ќе се објави во „Службен гласник на општина Струмица“.

*О б р а з л о ж е н и е*

На ден 07.08.2025 година Советот на општина Струмица донесе Програма за измена и дополнување на Програмата за уредување на градежното земјиште на подрачјето на Општина Струмица за 2025 година бр. 08-5753/1 од 07.08.2025 година бр. 08-5753/1 од 07.08.2025 година.

Со оглед на фактот дека Програмата произлегува од Одлуката за измена и дополнување на Буџетот на општина Струмица за 2025 година бр. 08-5748/1 од 07.08.2025 година, за која се запира објавувањето, истата нема да биде објавена.

Согласно сето погоре наведено, Градоначалникот на општина Струмица одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

Бр.09-5753/2 Општина Струмица
07.08.2025 год. Градоначалник
С т р у м и ц а Костадин Костадинов

..................................

**211.**

Врз основа на член 51 став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 59 став 1 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица („Службен гласник на Општина Струмица” бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, /18, 16/19 и 29/19), Градоначалникот на општина Струмица донесе

**Р е ш е н и е**
**за запирање на објавувањето на Одлуката за издавање на гаранција за задолжување на ЈПЕД ,,Струмица – Гас“ Струмица**

1.Се запира објавувањето на Одлуката за издавање на гаранција за задолжување на ЈПЕД ,,Струмица – Гас“ Струмица бр. 08-5752/1 од 07.08.2025 година, донесено на седницата на Советот на општина Струмица, одржана на 07.08.2025 година, поради фактот што во момент на запирање на објавувањето на Одлуката за измена и дополнување на Буџетот на општина Струмица за 2025 година, поради образложени причини, истата не може да биде реализирана.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување а ќе се објави во „Службен гласник на општина Струмица“.

*О б р а з л о ж е н и е*

На ден 07.08.2025 година Советот на општина Струмица донесе Одлуката за издавање на гаранција за задолжување на ЈПЕД ,,Струмица – Гас“ Струмица бр. 08-5752/1 од 07.08.2025 година.

Поради фактот, што со Решение е запрено објавувањето на Одлуката за измена и дополнување на Буџетот на општина Струмица за 2025 година, Општина Струмица не може да гарантира и да се обврзува за задолжување во момент на наоѓање на приоритетни решенија кои произлегуваат од истата.

Согласно сето погоре наведено, Градоначалникот на општина Струмица одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

Бр.09-5752/2 Општина Струмица
13.08.2025 год. Градоначалник
С т р у м и ц а Костадин Костадинов

.................................

**212.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02 и „Сл.весник на РСМ 202/24) и член 39 став 1 алинеја 3 од Статутот на Општина Струмица („Службен гласник на Општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Градоначалникот на Општина Струмица, донесе:

**Р е ш е н и е**
**за објавување на прописите и другите акти донесени на 54-та седница на Советот на општина Струмица**

I.Се објавуваат прописите и другите акти донесени на 54-та седница на Советот на општина Струмица, одржана на 07.08.2025 година и тоа:

1. Одлука за утврдување потреба од донесување на урбанистичко планска документација за проширување на плански опфат на Кпбр. 183/1 во КО Раборци, бр.08-5749/1 од 07.08.2025 година;
2. Одлука за утврдување потреба од донесување на урбанистичко планска документација за проширување на плански опфат за КП бр.27/1 КО Три Води, бр.08-5750/1 од 07.08.2025 година;
3. Одлука за утврдување на Урбанистички проект со план за парцелација на ГП4.18, ГП4.19, ГП4.20,и ГП4.21, од ДУП за Блок 19, Општина Струмица, бр.08-5751/1 од 07.08.2025 година;
4. Програма за дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјето на Општина Струмица за 2025 година, бр.08-5754/1 од 07.08.2025 година;
5. Заклучок за давање согласност на Одлуката за задолжување на ЈПЕД „Струмица - Гас“ Струмица, бр.08-5755/1 од 07.08.2025 година;
6. Заклучок за давање согласност на Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во ЈОУДГ „Виножито“ Струмица, бр.08-5756/1 од 07.08.2025 година;
7. Заклучок за давање согласност на Годишниот план за вработување на ЈОУДГ „Виножито“ Струмица за 2026 година, бр.08-5757/1 од 07.08.2025 година;
8. Заклучок за давање согласност на Годишниот план за вработување на ЈОУДГ „Детска Радост“ Струмица за 2026 година, бр.08-5758/1 од 07.08.2025 година;
9. Заклучок за давање согласност на Измена и дополнување на Годишен план за вработување на ООУ „Сандо Масев“ Струмица за 2026 година, бр.08-5759/1 од 07.08.2025 година.

II.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица“.

Бр.09-5760/3 Општина Струмица
13.08.2025 год. Градоначалник
С т р у м и ц а Костадин Костадинов

.................................

## 213.

Врз основа на член 4 став 1 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен весник на Република Македонија“ бр. 23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16, 190/17 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.174/21), член 2 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Службен весник на Република Македонија“ бр. 56/11, 162/12, 95/13, 109/14, 64/15, 217/15 и 52/16) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 07.08.2025 година, донесе:

**Одлука**
**за утврдување потреба од донесување на урбанистичко планска документација за проширување на плански опфат на Кпбр. 183/1 во КО Раборци**

Член 1

Се утврдува потреба од донесување на урбанистичко-планска документација за проширување на плански опфат за бесправниот објект, ВИКЕНД КУЌА, зграда бр.1, со висина П+Ман (приземје и мансандра), кој се наоѓа на Кпбр. 183/1 во КО Раборци (во сопственост на Република Северна Македонија), **се наоѓа надвор од атарот на село Раборци.**

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица“.

Бр.08-5749/1 Совет на општина Струмица
07.08.2025 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски

……………………………..

## 214.

Врз основа на член 4 став 1 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен весник на Република Македонија“ бр. 23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16, 190/17 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.174/21), член 2 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Службен весник на Република Македонија“ бр. 56/11, 162/12, 95/13, 109/14, 64/15, 217/15 и 52/16) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 07.08.2025 година, донесе:

**Одлука**
**за утврдување потреба од донесување на урбанистичко планска документација за проширување на плански опфат за КП бр.27/1 КО Три Води**

Член 1

Се утврдува потреба од донесување на урбанистичко-планска документација за проширување на плански опфат за **КП бр.27/1 КО Три Води**, ВИКЕНД КУЌА изградена на КП бр.27/1 КО Три Води со земјиште заведено во ИЛ бр..77 КО Добрејци Три Води, во сопственост на КИРИЛ КРСТЕВ од Струмица, с.Куклиш бр.207, а која парцела согласно ГУП на град Струмица, се наоѓа во заштитно зеленило на зона со намена Г - производство, дистрибуција и сервиси и дел надвор од плански опфат.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица“.

Бр.08-5750/1 Совет на општина Струмица
07.08.2025 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски

……………………………..

## 215.

Врз основа на член 63 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.32/20, 111/23, 171/24, 224/24 и 40/25), член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“, бр.4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица на седницата одржана на 07.08.2025 година, донесе

**О д л у к а**
**за утврдување на Урбанистички проект со план за парцелација на ГП4.18, ГП4.19, ГП4.20 и ГП4.21, од ДУП за Блок 19, Општина Струмица**

**Член 1**

Се утврдува **Урбанистички проект со план за парцелација на ГП4.18, ГП4.19, ГП4.20 и ГП4.21, од ДУП за Блок 19, Општина Струмица**.

Предметниот проектен опфат е составен од ГП4.18, ГП4.19, ГП4.20 и ГП4.21, од ДУП за Блок 19, Општина Струмица. Проектниот опфат ги зафаќа дел од КПбр.7501/1, КПбр.7501/2, КПбр.7501/7, КПбр.7463/2, дел од КПбр.7498, дел од КПбр.7499, КПбр.7500/2, дел од КПбр.7495 и дел од КП7494, во КО Струмица, Општина Струмица кои се во приватна сопственост. Границите на проектниот опфат се дефинирани со границите на градежната парцела ГП4.18, ГП4.19, ГП4.20 и ГП4.21, од ДУП за Блок 19, Општина Струмица.

**Член 2**

Комисијата формирана од Градоначалникот на Општина Струмица со Решение 09-3745/1 од 08.05.2023 год., во состав: Софија Ристова д.и.а., Нада Михајлова, д.и.а., Маја Јанковска д.и.а. и надворешните членови: Елина Трендова, д.и.а. и Андреј Манев, д.и.а, согласно чл.36, од Законот за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија бр.32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25, 101/25 и 127/25), даде стручно мислење за утврдување на Урбанистички проект со план за парцелација на ГП4.18, ГП4.19, ГП4.20 и ГП4.21, од ДУП за Блок 19, Општина Струмица изработена од ДТГУ „Матески архитекти“ ДООЕЛ, Битола, со технички број 051-12/2025 од април 2025 год.

**Член 3**

Оваа одлука е составен дел на Урбанистички проект со план за парцелација на ГП4.18, ГП4.19, ГП4.20 и ГП4.21, од ДУП за Блок 19, Општина Струмица изработена од ДТГУ „Матески архитекти“ ДООЕЛ, Битола, со технички број 051-12/2025 од април 2025 год и се состои од:

-текстуален дел,
-графички приказ (документациона основа и планска документација).

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Сл.гласник на Општина Струмица”.

Бр.08-5751/1 Совет на општина Струмица
07.08.2025 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски

……………………………..

## 216.

Врз основа на член 20 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25 и 101/25), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02 и („Службен весник на Република Македонија“ бр.202/24 ) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 07.08.2025 година, донесе

**П р о г р а м а**
**за дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјето на Општина Струмица за 2025 година**

1.Во Програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјето на општина Струмица за 2025 година („Службен гласник на општина Струмица“ бр.17/24, 1/25, 4/25, 5/25 и 6/25), се вршат следните дополнувања:

I.Во Програмата **Ф1 –Урбанистичко планирање**
Во глава **VI Урбанистички проект**, во табелата по реден број 24 се додава:

| Р.б. | Објект | Износ денари |
|---|---|---|
| 25. | 1. **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план на проектен опфат на КП бр.1213 и други, КО Банско вон град, општина Струмица**, со плански опфат со следните граници:<br>• **КП бр.1213 и други КО Банско вон град, општина Струмица** | Самофинансирање |

2.Оваа Програма влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица”.

Бр.08-5754/1 Совет на општина Струмица
07.08.2025 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски

……………………………..

## 217.

Врз основа на член 11 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија” бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 89/22 и 274/22), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02 и „Службен весник на РСМ“ бр. 202/24) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 07.08.2025 година, донесе

**З а к л у ч о к**
**за давање согласност на Одлуката за задолжување на**
**ЈПЕД „Струмица-Гас“ Струмица**

1.Се дава согласност на Одлуката за задолжување на ЈПЕД „Струмица Гас“ Струмица бр.02-353/3 од 31.07.2025 година, донесена од Управниот одбор на ЈПЕД „Струмица Гас“ Струмица.

2.Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица“.

Бр.08-5755/1 Совет на општина Струмица
07.08.2025 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски

……………………………..

## 218.

Врз основа на член 116 алинеја 8 од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија” бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22, 236/22, 17/25 и 132/25) и член 20 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 07.08.2025 година, донесе

**З а к л у ч о к**
**за давање согласност на Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во ЈОУДГ „Виножито“ Струмица**

1. Се дава согласност на Правилникот за измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во ЈОУДГ „Виножито“ Струмица, бр. 01-203/1 од 30.07.2025 година, донесен од Управниот одбор на детската градинка.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица”.

Бр.08-5756/1 Совет на општина Струмица
07.08.2025 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски

……………………………..

## 219.

Врз основа на член 142-а од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија” бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22, 236/22, 17/25 и 132/25), член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 20 став 1 точка 31 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 07.08.2025 година, донесе

**З а к л у ч о к**
**за давање согласност на Годишниот план за вработување на**
**ЈОУДГ „Виножито” Струмица за 2026 година**

1. Се дава согласност на Годишниот план за вработување на ЈОУДГ „Виножито” Струмица за 2026 година, бр.01-192/1 од 15.07.2025 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица”.

Бр.08-5757/1 Совет на општина Струмица
07.08.2025 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски

……………………………..

## 220.

Врз основа на член 142-а од Законот за заштита на децата („Службен весник на

Република Македонија” бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22, 236/22, 17/25 и 132/25), член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02) и член 20 став 1 точка 31 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 07.08.2025 година, донесе

**З а к л у ч о к**
**за давање согласност на Годишниот план за вработување на**
**ЈОУДГ „Детска Радост” Струмица за 2026 година**

1. Се дава согласност на Годишниот план за вработување на ЈОУДГ „Детска Радост” Струмица за 2026 година, бр.01-252/1 од 08.07.2025 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица”.

Бр.08-5758/1 Совет на општина Струмица
07.08.2025 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски

……………………………..

**221.**

Врз основа на член 20-б став 1 алинеја 3 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 143/19, 14/20 и 208/24) и член 20 од Статутот на Општина Струмица („Службен гласник на Општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18 ,16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 07.08.2025 година, донесе:

**З а к л у ч о к**
**за давање согласност на Измена и дополнување на Годишниот план за вработување за 2026 година на ООУ „Сандо Масев“ Струмица**

1.Се дава согласност на на Измена и дополнување на Годишниот план за вработување за 2026 година на ООУ „Сандо Масев“ Струмица бр. 01-497/1 од 29.07.2025 година.

2.Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица”.

Бр.08-5759/1 Совет на општина Струмица
07.08.2025 год. Претседател,
С т р у м и ц а Марјан Даскаловски

……………………………..